Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-4082/1
22.10.2019 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 43- та седница на Советот**
**на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 29.10.2019 година (вторник) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

Усвојување на Записник од 42-та седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања.
2. Предлог-одлука за измена на Буџетот на Општина Велес за 2019 година.
3. Предлог-одлука за проширување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година.
4. Предлог-одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес.
5. Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во сопственост на Општина Велес на КП 1913 за КО Оризари.
6. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Физибилити студија и започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција-ревитализација на Офицерски дом во Велес.
7. Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на водоснабдителен систем на населените места Раштани и Бузалково од водоводниот систем на град Велес“.
8. Предлог-одлука за усвојување на Стратегија за искористување на обновливи извори на енергија на територијата на Општина Велес.
9. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Индустрија (И) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес.
10. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес.
11. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Сообраќајни објекти во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес.
12. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа локалниот економски развој во 2019 година.
13. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година.

14. Предлог-програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2019 година.
15. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година.
16. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година.
17. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2019 година.
18. Предлог-план за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес.
19. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Панко Брашнаров“ за учебната 2019/2020 година.
20. Годишен Извештај за 2018/2019 година на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.
21. Годишна програма за работа за 2019/2020 година на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.
22. Предлог-решение за давање согласност на Одлуката за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.
23. Предлог-решение за разрешување и именување член на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.
24. Предлог-решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес.
25. Информација за состојбите во авто-такси превозот на патници во Општина Велес.
26. Иницијатива за спроведување на анкета во сите основни и средни училишта во Општина Велес, поврзана со употребата на мобилни телефони за време на настава.

**Напомена:** Материјалот по точка 6 ќе Ви биде дополнително доставен.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р